Врз основа на член 14 точка а) и член 135 став 7 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2005), Комисијата, како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 16.06.2005 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ЖИГОТ ЗА ЗАПЕЧАТУВАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ И/ИЛИ КОМУНИКАЦИСКИТЕ СРЕДСТВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на жигот за запечатување на просториите и/или комуникациските средства чие работење не е во согласност со одредбите од Законот за електронските комуникации.

Член 2

Жигот за запечатување на просториите и/или комуникациските средства има кружен облик на кој во полукружна форма е втиснат следниот текст: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ", а во средината е втиснат заштитниот знак на Агенцијата.

Жигот од став 1 на овој член е изработен од метал, со пречник од 25 мм, кој е прицврстен на дрвена рачка.

Член 3

Отисокот на жигот ќе се втиснува на црвен течен восок.

Член 4

Образецот на жигот е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Претседател на Комисијата
на Агенцијата за електронски комуникации,
**Софче Јовановска**, с.р.

ОБРАЗЕЦ

